Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
“Павел Шатев“ - Скопје

# ТЕМА

## Правни становишта на Европскиот суд за човековите права во примената на членот 6 од Европската конвенција за човековите права – во контекст на изземањето на судиите

**Скопје, 16.03.2023 година**

**Предавач :**
**Судија Лидија Димова**
**Претседател на Основен суд Велес**


COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
HUMAN RIGHTS BUILDING
PALAIS DES DROITS DE L'HOMME

# ЕСЧП

# ЧЛЕН 6 од ЕКЧП

***Право на правична судска постапка***

1. Секој има право на :

*правично и

* јавно,

*во разумен рок,

*пред независен и ***непристрасен***

*со закон воспоставен суд да му бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него.

*Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.*

# Вовед

- **Гарантирањето** на независноста и непристрасноста на судството претставува неопходен аспект на одржувањето на владеењето на правото.

- **Постоењето на независен и непристрасен судски систем** е потребно за властите на државата да бидат сметани за одговорни кога нивните дејствија го загрозуваат или се спротивставуваат на принципите на владеењето на правото.

- Разбирањето и спроведувањето на барањата на правото на судење од страна на

**независен** **и**

**непристрасен** **трибунал воспоставен со закон“**

по членот 6 од ЕКЧП, претставуваат два суштински аспекти на напорите да се зајакне владеењето на правото ширум Западниот Балкан.

# СОДРЖИНА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

***1. Дефинирање на непристрасноста***

***2. Субјективна и објективна непристрасност***

- *Субјективна непристрасност*
- *Објективна непристрасност*

***3. Категории на ситуации на непристрасност***

***3.1. Функционална непристрасност***

- *Извршување на судски и вонсудски функции*
- *Извршување на различни судски функции во рамки на истата или на поврзана постапка*

***3.2. Персонална непристрасност***

- *Однесувањето во случајот, вклучително и дадените забелешки или употребениот јазик*
- *Јавна изјава за предметот*
- *Лични интереси во предметот/ врски со странките/ поврзаности/ припадности*

***4. Преглед на националниот контекст***

- *Домашни предмети пред Европскиот суд за човековите права, во врска со судската непристрасност и независност*

# Дефинирање на непристрасноста

Непристрасноста претставува еден од неколкуте критериуми/ карактеристики кои мора да бидат испочитувани за да се исполнат барањата од членот 6 став 1 од ЕКЧП (овластувањето да се донесе правно обврзувачка одлука, утврден со закон, независен)

**Непристрасноста означува отсуство на предрасуда или притрасност на страната на некој трибунал или кај некој индивидуален судија.**

Постоењето на непристрасност или нејзиниот недостаток може да се тестира на различни начини.

ЕСЧП(Судот) води сметка како за објективната, така и за субјективната непристрасност на судијата или трибуналот за да утврди дали тие се во склад со барањата на членот 6.

## КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ

- **Принцип:**

Непристрасноста е од суштествено значење за соодветно извршување на судиската функција. Судијата/судијата поротник е должен да ја врши судиската функција непристрасно, како при донесувањето на одлуките, така и во водењето на постапките.

# Примена:

2.1 Судијата/судијата поротник ја извршува судиската функција без пристрасност, предубедување или предрасуди.

2.2 Судијата/судијата поротник со своето однесување, како во судот, така и надвор од судот, придонесува за одржување и подобрување на довербата на јавноста, правната професија и кај странките во непристрасноста на судијата и на судството.

2.3 Судијата/судијата поротник внимава на своето изземање кога не е во можност да донесе непристрасна одлука по одреден предмет, односно да не остави впечаток дека не е во состојба да суди непристрасно.

2.4 **Судијата/судијата поротник ќе се изземе** од учеството во која било постапка каде што не може да донесе непристрасна одлука. Таквите постапки вклучуваат, но не се ограничуваат на случаи каде што:

2.4.1Судијата/судијата поротник има суштинска наклонетост, односно предрасуда во однос на некоја од странките или пак има лични познавања на оспорените доказни факти од интерес за постапката;

2.4.2 Ако Судијата/судијата поротник е странка во постапката или ако учествувал како судија на претходна постапка, адвокат, сосвластеник, сообврзник или регресен обврзник или бил материјален сведок во врска со оспореното прашање;

2.4.3 Судијата/судијата поротник е обврзан секогаш да ги препознае со закон и судска практика утврдените случаи и да побара свое изземање од случај што му е доделен во работа или по кој е определен да постапува;

2.5 Судијата/судијата поротник во текот на една постапка, или некоја идна постапка, не смее да дава јавни или поинакви коментари што би можеле да влијаат врз исходот на постапката или пак што би можеле да ја нарушат правичноста на постапката.

# Закон за судовите

## Тешка дисциплинска повреда

Член 75

(1) Потешка дисциплинска повреда, за која се спроведува процедура за утврдување на одговорност на судија помеѓу другите е и - 4) прекршување на правилата изземање во ситуации во кои судијата знаел или нешто да знае за некоја од основите за изземање предвидени со закон.

# СУБЈЕКТИВНА И ОБЈЕКТИВНА НЕПРИСТРАСНОСТ



# 2. СУБЈЕКТИВНА И ОБЈЕКТИВНА НЕПРИСТРАСНОСТ

- Европскиот суд за човековите права (ЕСЧП) посочил дека **не постои непремостливо разграничување** помеѓу објективната и субјективната страна (*Kyprianou v. Cyprus, no.73797/01, §95)*
- Истата ситуција или однесување на судијата може да предизвика загриженост во очите на **надворешниот наблудувач** (објективниот тест), од една страна, и исто така покренува прашања околу **персоналните убедувања на судијата** (субјективен тест), од друга страна.
- Прашањето дали случајот треба да се разгледа или со објективниот или со субјективниот тест, или пак со двата теста заедно, **ќе зависи** од конкретните факти на оспореното однесување на судијата (*Kyprianou v. Cyprus, no.73797/01, § 119 – 121)*

- *Кипријану против Кипар [Kyprianou v. Cyprus], пресуда на Големиот судски совет од 15 декември 2005, бр. 73797/01, § 119*
- *Микалеф против Малта [Micallef v. Malta], пресуда на Големиот судски совет од 15 октомври 2009, бр. 17056/06, § 93*
- *Сигридур Елин Сигфусдотир против Исланд [Sigríður Elín Sigfúsdóttir v. Iceland], пресуда од 25 февруари 2020, бр. 41382/17, § 35*

# 2.1. СУБЈЕКТИВНА НЕПРИСТРАСНОСТ

- При примената на субјективниот тест, Судот конзистентно сметал дека персоналната непристрасност на судијата **треба да се претпоставува сè додека не постои доказ за спротивното.**

- **Персоналните убедувања, интереси и однесување на судијата во определени случаи се релевантни при утврдувањето на неговата или нејзината субјективна непристрасност**, како на пример, кога судијата покажал непријателство спрема странката во постапката од лични причини *(De Cubber v. Belgium, no.9186/80, §25)*

- **Иако во некои случаи може да биде тешко да се обезбедат докази со коишто се побива пресумпцијата на субјективната непристрасност на судијата, барањето за објективна непристрасност обезбедува дополнителна важна гаранција**.

*Домашна судска пракса : Изземање за пристрасност на судија Ш.А. И Г.Г.*

## 2.2. ОБЈЕКТИВНА НЕПРИСТРАСНОСТ

- **Објективниот тест на непристрасност вклучува утврдување дали, освен личното однесување на судијата, постојат проверливи факти кои покренуваат легитимни сомнежи или стравови дека на определен судија или трибунал (суд) му недостасува непристрасност.**

  На пример, бидејќи судијата има лични или хиерархиски врски со другите странки во постапката *(Kyprianou v. Cyprus [GC], no.73797/01, § 97), или, бидејќи судијата игра двојни/ повеќекратни улоги во истата постапка (Meznaric v. Croatia, no.71615/01, § 36).*
- **Стојалиштето и сомнежите околу непристрасноста на засегнатата странка се релевантни, но не и решавачки. Нивните стравови треба исто така да бидат објективно оправдани *(Micallef v. Malte [GC], no.17056/06, § 96).* Поради тие причини, треба да биде одлучено во секој поединечен случај дали ситуацијата која покренува сомневање за непристрасноста е од таква природа и степен да укаже на недостиг на непристрасност на страната на трибуналот *(Micallef v. Malte [GC], no.73797/01, § 97).***
- *Домашна судска пракса : В.З./ГГ*

# КАТЕГОРИИ НА СИТУАЦИИ НА НЕПРИСТРАСНОСТ



## 3. КАТЕГОРИИ НА СИТУАЦИИ НА НЕПРИСТРАСНОСТ

- Непристрасноста на судиите, и според субјективниот тест и според објективниот тест, може да бидат тестирани во две категории на ситуации, и тоа:

  1. ситуации од функционална природа, и

  2. ситуации од персонална природа.

# 3.1. Функционална непристрасност

**Овој аспект на непристрасноста се однесува на составот на судовите и на функциите кои ги извршува судијата,** како на пример, дали судијата извршува различни функции во рамките на судскиот процес или вршењето и на судски и на вонсудски функции кои се поврзани со истиот предмет.

**Функционална непристрасност**

Извршување на судски и вонсудски функции

Извршување на различни судски функции во рамки на истата или на поврзани постапки

# 3.1.1.Извршување на судски и вонсудски функции

- **Непристрасноста може да биде нарушена кога институцијата или судијата служат на двојни, преклопувачки функции.**
- **Самиот факт дека еден трибунал (суд) или судија игра поинаква улога или работи за друга институција автоматски нема да ја поткопи непристрасноста.**
- Судот ќе испита конкретни факти за секој случај за да го процени степенот во кој таа двојна функционалност покренува легитимни сомневања околу непристрасноста и се одразува врз потребната појавност на непристрасноста.
- **Факторите кои се релевантни за оваа проценка ги вклучуваат:**

- Степенот на вонсудска инволвираност на судијата во прашања кои се релевантни за судската постапка, и
- Времето кое што го изминало помеѓу вршењето на неговата вонсудска функција и тековната судска постапка.

*„Таквите правила ја манифестираат обврската на националното законодавство да ги отстрани сите разумни сомнежи во однос на непристрасноста на судијата или судот за кој станува збор и претставуваат обид да се обезбеди непристрасност преку елиминирање на причините за таквата загриженост. Освен обезбедувањето на отсуство на фактичка пристрасност, тие се насочени кон отстранување на каков било изглед на пристрасност и на тој начин служат за да се промовира довербата што судовите во едно демократско општество треба да ја поттикнат во јавноста.”*

*Мек Гонел против Обединетото кралство [McGonnell v. The United Kingdom], пресуда од 8 февруари 2000, бр. 28488/95, §§ 52-57*

## 3.1. ФУНКЦИОНАЛНА НЕПРИСТРАСНОСТ

**3.1.1. Извршување на судски и вонсудски функции:**

- Судии кои се и членови на законодавната и/или извршната власт
- Извршување на советодавна и правораздавачка улога
- Судии кои постапуваат и како правни застапници
- Улога на тужител, сведок и/или обвинител

# 3.1.1.1. Судии кои се и членови на законодавната и/или извршната власт

- **Самиот факт што еден судија исто така е и член на законодавната или на извршната власт не е доволен, сам по себе, за да фрли сомнеж врз нивната непристрасност.**
- Клучно прашање ќе биде степенот во кој тие, во нивното својство на членови на законодавната или на извршната власт, биле инволвирани во усвојувањето на законодавството или на правилата на извршната власт кои се под надзор во судската постапка.Каква било непосредна, активна или формална инволвираност има изгледи да фрли сомнежи врз непристрасноста на судијата кој подоцна бил повикан да го разреши спорот за овие правила *(McGonnell v. The United Kingdom, no.28488/95, § 55-57)*
- Кога член на законодавната власт кој заседавал во судот бил инволиран во развивањето или усвојувањето на законодавството што се наоѓа пред судот, а немало укажување дека тој имал претходна поврзаност или линк со супстанцата на предметот, самиот негов статус на член на парламентот сам по себе не е доволен за да фрли сомнеж врз неговата непристрасност.

# 3.1.1.2. Извршување на Советодавна и правораздавачка улога

- **Фактот дека правораздавачкото тело играло советодавна улога не е доволен, сам по себе, за да ја потпкопа непристрасноста.**

  **Клучното прашање ќе биде:** дали советодавната работа се однесува на истиот случај, истата улога или на аналоген случај, на оној за кој што телото треба да правораздава *(Kleyn and Others v. The Netherlands, [GC], no.39343/98)*.

- Оваа двојна функционалност би ја поткопала непристрасноста кога би покренала објективно оправдани стравови дека членовите на трибуналот (судот) би се чувствувале врзани за нивното претходно советодавно мислење кога би правораздавале во случајот. Би можело да се перцепира дека нивното учество ги поткопува изгледите на независност и непристрасност *(Procola v. Luxemburg, no.14570/89; Zaharovic v. Croatia, no.58590/11, § 44-50).*

# 3.1.1.3. Судии кои постапуваат и како правни застапници

**Фактот дека судијата играл улога на советник за противникот или улога на судија во истиот сет на постапки ќе ја наруши непристрасноста.**

*На пример:* дури и кога претходната инволвираност на судијата како советник за спротивната странка било минорно, траело не повеќе од два месеци од пред десет години пред да биде започната постапката пред него како судија, фактот дека тој постапувал како противник на жалителот во истата постапка бил одлучувачки *(Meznaric v. Croatia, no.71615/01, § 36).*

**Непристрасноста на судијата може да биде нарушена и кога судијата постапува како правен застапник на спротивната странка на жалителот во одвоено, но паралелна постапка.** Кога двете сета постапки временски ќе се поклопат, легитимно за жалителот е тој да биде загрижен дека судијата би продолжил него да го гледа како спротивна странка, дури и кога не постои материјална врска помеѓу двете постапки *(Wettstein v. Switzerland, no.33958/96, §44-47).*

**Помалку веројатно е проблемот да настане кога судијата игра двојна улога во постапки кои временски не се поклопуваат.** Судот, исто така ќе води сметка за времето што изминало помеѓу двете сета постапки и степенот во кој тие се поврзани со истата предметна материја *(Puolitlaho and Pirttiaho v. Portugal, no.54857/00, §46-54).*

# 3.1.1.4. Улога на тужител, сведок и/или обвинител

- **Не може да се претпоставува дека судијата е неутрален ако тој или таа ефективно постапуваат како тужител, сведок и/или обвинител во истиот случај во кој постапуваат како судија.**

  На пример: кога судиите кои биле изложени на критика во поглед на тоа како ја воделе постапката потоа донеле одлука да покренат постапка за навреда на судот против оние кои ги критикувале, да судот за тие прашања и да ги казнат жалителите. Било констатирано дека ова конфузија на улогите на тужител, сведок, обвинител и судија очигледно сама по себе била доказ дека поттикнала објективно оправдани стравови во однос на придружувањето кон барањето за непристрасност *(Kyprianou v. Cyprus [GC], no.73797/01, § 127).*

- **Непристрасноста била нарушена и бидејќи се сметало дека судијата постапувал и како судија и како тужител.**

  На пример: кога судијата на Врховниот суд побарал да биде покрената дисциплинска постапка против друг судија и исто така заседавал во судот кој одлучил да го разреши тој судија заради несоодветно постапување, односно несовесно работење ***(Mitrinovski v. Macedonia, no.6899/12, § 38-46).***

## 3.1.2. Извршување на различни судски функции во рамки на истата или на поврзани постапки

- **Проценката на околноста дали учеството на ист судија во различни стадиуми од предметот било во согласност со барањето за непристрасност по членот 6 став 1 се прави *„од случај до случај“*, притоа имајќи предвид дека треба да се води сметка за околностите на индивидуалниот случај.**

- Овој пристап „од случај до случај“ се применува и кога истиот судија учествува во фактички поврзани кривични и граѓански постапки *(Pasquini v. San Marino, no.50956/16, § 148-149).*

## 3.1. ФУНКИОНАЛНА НЕПРИСТРАСНОСТ

**3.1. 2. Извршување на различни судски функции во рамки на истата или на поврзани постапки:**

- Одвоени, но поврзани постапки
- Различнии судски улоги во рамките на иста постапка

# 3.1.2.1. Одвоени, но поврзани постапки

- **Не претставува проблем само по себе според членот 6 ако истиот судија учествува во одвоена постапка која се однесува на истите факти.**

  На пример: кога еден судија игра улога во еден кривичен предмет и потоа одлучува по поврзано барање за граѓанско обештетување. Од суштествено значење за зачувување на непристрасноста во овој контекст е двата сета постапки (кривичната и граѓанската) да се однесуваат на различни прашања.

- **Легитимни сомнежи за непристрасноста можат да настанат кога правните прашања, како и фактите во поврзаната постапка, се исти.**

  На пример: кога истиот стандард на докажување се применува во секој случај, што значи дека е веројатно дека наодот на судијата во еден случај би го прејудицирал неговиот наод во друг случај. Имено, легитимни основи да се сомнева во непристрасноста на судијата кога граѓанската и кривичната постапка за клевета биле конститутивно пресудени од страна на истиот судија, а клучното прашање било идентично во секој случај *(Fatullayev v. Azerbaijan, no.40984/07, § 136-140).*

# 3.1.2.2. Различни судиски улоги во рамките на иста постапка

- Генерално, судиите не треба да бидат инволвирани во постапување по жалби против нив самите и тие не треба да бидат инволвирани во одлучување по истите прашања во различен форум.

- Сепак, влијанието на нивната непристрасност врз нивната инволвираност во различни стадиуми од постапката ќе зависи од конкретните факти на случајот.

# 3.1.2.2. Различнии судиски улоги во рамките на иста постапка

- Генерално, судиите не треба да бидат инволвирани во постапување по жалби против нив самите и тие не треба да бидат инволвирани во одлучување по истите прашања во различен форум.
- Сепак, влијанието на нивната непристрасност врз нивната инволвираност во различни стадиуми од постапката ќа зависи од конкретните факти на случајот.





# ПЕРСОНАЛНА НЕПРИСТРАСНОСТ



# 3.2. ПЕРСОНАЛНА НЕПРИСТРАСНОСТ

- **Персоналната (личната) непристрасност се однесува на личното однесување на еден судија,** на пример, тврдењата кои ги дава судијата како дел од постапката, забелешките до медиумите или какви било лични врски кои тој би можел да ги има со предметот или со странките во предметот. Тоа вклучува проценка на тоа дали судијата покажува каква било лична пристрасност спрема или против некоја странка.

- **Постои силна претпоставка за персонална непристрасност, се додека не постои доказ за спротивното** *(Le Compte, Van Leuven and De Meyere v. Belgium, no.6878/75 and 7238/75).*

  На пример: се претпоставува дека професионалните судии, како резултат на нивната обука, не би биле под влијание на штетното медиумско покривање или непријателско известување против обвинетиот *(Craxi v. Italy, no.34896/97).*

## 3.2. ПЕРСОНАЛНА НЕПРИСТРАСНОСТ

- Однесувањето во случајот, вклучително и дадените забелешки или употребениот јазик
- Јавни изјави за предметот
- Личен интерес во предметот/ врски со странките/ поврзаности/ припадности

# 3.2.1. Однесувањето во случајот, вклучително и дадените забелешки или употребениот јазик

- **Јазикот кој е употребен или забелешките кои се дадени од судијата во еден предмет можат да обезбедат докази дека нему му недостасува потребната одвоеност од предметот за да ја извршува неговата функција.**

- **Меѓутоа, постои првично висок праг кој треба да се премине пред да се утврди дека однесувањето во случајот демонстрирало пристрасност или недостаток на непристрасност.** Не е веројатно дека несоодветните забелешки, дури и оние кои би можеле да укажуваат на непрофесионално однесување би биле доволни.

  На пример, несоодветната забелешка на судијата за опасноста на жалителот кој веќе бил осуден за убиство поради сексуално задоволување била непрофесионална, но тоа не било доволно за да се покаже дека судијата бил лично пристрасен во однос на жалителот *(Ilnseher v. Germany, 10211/12, 27505/14, § 289).*

# 3.2.2. Јавни изјави за предметот

**За да се сочува нивниот изглед на непристрасност, судиите треба да се воздржуваат од давање јавни коментари за предметите во кои се инволвирани или за прашањата релевантни за нивните предмети, дури и тогаш кога се испровоцирани од печатот за да коментираат.**

На пример: Од судиите се бара да бидат максимално дискретни во однос на предметите што ги разгледуваат за да ја задржат претставата за нив како непристрасни судии. Таквата дискреција бара од нив да се воздржат од користењето на медиумите, дури и кога се испровоцирани. Оваа обврска ја наметнуваат повисоките барања на правдата и значајната природа на судската функција *(Lavents v. Latvia, § 118; Buscemi v. Italy, § 67)*

Друг пример: Судот смета дека, како принципиелно прашање, судијата треба да размислува да се дисквалификува себеси од постапување доколку тој дал јавни изјави за исходот на предметот *(Rustavi 2 Broadcasting Company Ltd and Others v. Georgia, no.16812/17, § 342).*

# 3.2.2. Јавни изјави за предметот

- **Дисциплинската постапка против поранешен Претседател на Врховниот суд претставувала повреда на членот 6 став 1 од ЕКЧП, бидејќи постоеле објективно оправдани стравувања за отсуство на непристрасност кај судиите.**

  Имено, Судот забележал дека тројца членови на Националниот судски совет ("НСС") дале три посебни интервјуа кои биле објавени во националниот дневен весник "Вечерњи лист" односно "Слободна Далмација", во време кога предметот по однос на дисциплинската постапка против судијата К.О., кој бил воедно Претседател на Врховниот суд, како и член на Националниот судски совет, била во постапка пред Жупанискиот дом, односно пред Уставниот суд, а притоа истите истакнале коментари и забелешки против жалителот (... меѓу останатото еден од членовите истакнал дека судијата бил "*corpus alienum*" (туѓо тело) во хрваатското судство), поради што Судот заклучил дека не било исполнето барањето за непристрасност од страна на овие три члена на НСС и дека имало повреда на членот 6 став 1 од ЕКЧП *(Olujic v. Croatia, no.22330/05).*

**3.2.3. Личен интерес во предметот/ врски со странките/ поврзаности/ припадности**

- Поврзаности помеѓу судиите и странките
- Поврзаности помеѓу судиите
- Специјализирани трибунали (судови)
- Стереотипизирање

# 3.2.3.1. Поврзаности помеѓу судиите и странките

**Професионалните, финансиските и персоналните врски помеѓу судијата и странката во предметот или адвокатот на странката можат да покренат сомневања околу непристрасноста, иако тоа ќе зависи од околностите на предметот и од природата на поврзаноста за која станува збор.**

На пример: семејната поврзаност помеѓу судијата и странката во предметот или застапникот на странката можат да покренат прашање за непристрасноста *(Micallef v. Malte [GC], §102).*

Друг пример: Потребно е да постојат системи кои ќе осигураат дека судиите не постапуваат по жалба во предмети во кои член на нивното семејство постапува како обвинител *(Daineliene v. Lithuania, no.23532/14, § 45).*

Трет пример: Кога судијата има лични односи со жртвата/ оштетениот во кривичната постапка ***(Mitrov v. Macedonia, no.45959/09, § 45 - § 55).***

# 3.2.3.2. Поврзаности помеѓу судиите

**Личните врски помеѓу судиите можат да фрлат сомнежи за нивната непристрасност.**

На пример: Судот утврдил дека имало појавност на непристрасност кога жалителот бил гонет во врска со смртта во сообраќајна незгода на пат на ќерката на судијката – претседател на кривичниот оддел на првостепениот суд во С. ***(Mitrov v. Macedonia, no.45959/09, § 54-56).***

Друг пример: самиот факт дека судиите се познавале меѓусебно како колеги или, пак, делеле исти канцеларии, самиот по себе не е доволен за да фрла сомнеж за нивната непристрасност, особено во многу мала земја, каде што може да биде вообичаено за еден правен професионалец да извршува мноштво функции (на пример, како адвокат и како судија) и/или за голем процент од правната професија да се познаваат меѓусебно *(Bellizi v. Malta, no.46575/09, § 57).*

# 3.2.3.2. Поврзаности помеѓу судиите

- Со оглед на важноста на појавноста на непристрасноста, какви било поврзаности помеѓу судиите кои би можеле да покренат сомнежи околу непристрасноста треба да бидат обелоденети на почетокот, за да се осигура отворено, информирано одлучување за тоа дали би можеле да настанат какви било прашања и дали е потребна дисквалификација на судијата *(Nicholas v. Cyprus, no.63246/10, § 64-66)*
- **Кога претседателот на судот е поврзан со странка во предметот, но фактички не постапува како дел од панелот кој одлучува во тој предмет, влијанието што тој го има врз непристрасноста ќе зависи од околностите. Релевантните фактори го вклучуваат степенот на влијание што претседателот може да го изврши врз предметот и притисокот (како непосреден, така и посреден) што тој или таа може да го извршат врз судиите кои се членови на панелот** *(Parlov-Tkalicic v. Croatia, no.24810/06, § 82-97).*
- **Личните врски помеѓу судиите можат да фрлат сомнежи за нивната непристрасност.**

  На пример: Судот утврдил дека имало појавност на непристрасност кога жалителот бил гонет во врска со смртта во сообраќајна незгода на пат на ќерката на судијката – претседател на кривичниот оддел на првостепениот суд во С. ***(Mitrov v. Macedonia, no.45959/09, § 54-56).***

  Друг пример: самиот факт дека судиите се познавале меѓусебно како колеги или, пак, делеле исти канцеларии, самиот по себе не е доволен за да фрла сомнеж за нивната непристрасност, особено во многу мала земја, каде што може да биде вообичаено за еден правен професионалец да извршува мноштво функции (на пример, како адвокат и како судија) и/или за голем процент од правната професија да се познаваат меѓусебно *(Bellizi v. Malta, no.46575/09, § 57).*

# 3.2.3.3. Специјализирани трибунали (судови)

- **Кога постојат професионални поврзаности помеѓу жалителот и членовите на еден специјализиран трибунал (суд), тоа само по себе нема да биде доволно за да се фрли сомнеж во однос на нивната непристрасност.** Генерално, ќе биде неопходно да се покажат понепосредни врски помеѓу странките и членовите на еден трибунал (суд), како и да се демонстрира дека постои легитимна причина да се стравува дека интересите на судијата/ судиите во прашање се спротивни на оние на една од странките во предметот.

  На пример, Судот утврдил дека двајца судии – поротници на Судот за домување и закупување имале блиски врски со две здруженија кои барале да ја задржат клаузулата што ја побивал жалителот, при што постоело легитимно стравување дека нивните интереси биле спротивни на оние на жалителот *(Langborger v. Sweden, no.11179/84).*

# 3.2.3.4. Стереотипизирање

- **Акцискиот план на Советот на Европа (CM(2016)36), ја нагласува потребата од спротивставување на негативното влијаение на стереотипизирањето при судиското донесување на одлуки, така што предвидува да се подржат и да се подобрат изгледите на непристрасност.**

- **Акциите 2.4 и 2.5 предвидуваат дека судиите треба да добијат детална, продлабочена и диверзифицирана разнолика обука** за да им се овозможи задоволително да ги извршуваат нивните должности и за да се осигура дека судиското стереотипизирање не ги компромитира правата на ранливата група да имаат пристап до непристрасен трибунал (суд).

- **Квалитетот на почетната и континуираната обука за судиите** треба да биде зајакнато преку распределба на доволно ресурси за да се гарантира дека програмите за обука ги пресретнуваат барањата за компетентност, отвореност и непристрасност, кои и се својствени на судиската служба.

# Преглед на националниот контекст



# 4. Преглед на националниот контекст

- Домашното право е доволно развиено и флексибилно за да ги инкорпорира и да овозможи практична примена на стандардите на ЕКЧП по однос на судската непристрасност и независност.

- **Судството и неговата независност се уставно позиционирани и заштитени:**

- судиите се со траен мандат,
- судството е финансиски автономно, а неговото функционирање се менаџира од страна на Судски совет којшто е надлежен за именување, разрешување и распоредувањето на судиите, оценка на работата на судиите, регулирање на судската функција/професија итн.

# 4. Преглед на националниот контекст

- Во практична смисла, процесното законодавство предвидува основи за изземање на судија, како што е тоа поконкретно предвидено со член 33 од ЗКП и член 64 од ЗПП. Овие основи за изземање примарно ја адресираат **т.н. субјективна (не)пристрасност**: личните (семејни) врски со една од странките или некаков друг интерес за исходот на предметот.

- Но, постои и **основот „други околности“** кои би можеле да ја доведат во прашање непристрасноста на судијата.

- Овие одредби се ***mutatis mutandis*** применливи и за останатите инволвирани во постапките: судии-поротници, вештаци, обвинители.

# 4. Преглед на националниот контекст

- Законодавството исто така предвидува можност одреден предмет да биде отстапен од еден суд на друг доколку за тоа постојат **„правни и стварни причини“** (како што е наведено во член 27 од ЗКП) или пак **„важни причини“** (како што е наведено во член 61 od ЗПП).

  Во ваквите ситуации всушност станува збор за **т.н. пренесена месна надлежност.**

- Притоа, треба да се забележи дека во кривична постапка за пренесување на надлежноста по барање на судијата одлучува непосредно повисокиот суд, а во граѓанска постапка за ова прашање одлучува Врховниот суд по барање на странките.

# 4.1. Домашни предмети пред Европскиот суд, во врска со судската непристрасност и независност

- Истиот судија бил во два наврати инволвиран во одлучувањето по предметот на апликантот, еднаш како претседател на советот во Апелациониот суд а потоа како член на советот по истиот предмет во Врховниот суд. Во врска со ова, види Квп.бр. 30/2006 и Рев.бр. 1080/2006 ***(БАЈАЛЏИЕВ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, бр.4650/06).***

- Кривична постапка заради тешка сообраќајна несреќа со смртни последици. Кривичната постапка против жалителот била спроведена во основниот суд каде мајката на жртвата од сообраќајката била судија и блиска колешка со судиите кои биле инволвирани во постапката, поради што Европскиот суд наоѓа повреда ***(МИТРОВ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, бр. 45959/09).***

# 4.1. Домашни предмети пред Европскиот суд, во врска со судската непристрасност и независност

- Недостаток на субјективна непристрасност поради вработувањето на сопругата на судијата во компанија која била спротивна страна на апликантот во оспорената граѓанска постапка ***(НИКОЛОВ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, бр. 41195/02).***

- Одлука за отфрлање заради очигледна неоснованост. Во предметот станува збор за кривична постапка во која му се судело на жалителот во врска со стечајот и приватизацијата на компанија која имала деловни односи и побарувања кон друга компанија. Другата компанија била во сопственост на вонбрачниот партнер на судечкиот судија во оспорената кривична постапка ***(КОЧЕВСКИ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, бр. 36309/10).***

# 4.1. Домашни предмети пред Европскиот суд, во врска со судската непристрасност и независност

- Како и останатите предмети поврзани со разрешувањето на судиите - иницијаторот на постапката за разрешување е дел од Судскиот совет којшто одлучувал по предлогот за разрешување на жалителот ***(МИТРИНОВСКИ против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, бр.6899/12).***

- Кога судијата на Врховниот суд гласал за мислењето со кое било констатирано несоодветно постапување, односно несовесно работење кај судијата - жалител и потоа бил член на панелот кој одлучувал за разрешување на тој судија ***(ГЕРОСКА-ПОПЧЕВСКА против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 48783/07).***

Публикации - Платформа за владеење на правото https://www.rolplatform.org › јавно

Форум за владеење на правото



**За патот до правдата да не изгледа вака!**

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

## Повелете со прашања

